# ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА СПРЕЧУВАЊЕ НА БЕГСТВО НА ЛИЦЕ ЛИШЕНО ОД СЛОБОДА

**Дефинирање на поимите**:

- **Бегство на лице лишено од слобода од казнено-поправна и воспитно поправна установа** - Бегство на лице лишено од слобода од установа - претставува случај кога лице лишено од слобода со искористување на поволни околности ќе изврши бегство или обид за бегство од издржување на казната затвор или мерката притвор,.
- **Овозможување бегство на лице лишено од слобода** - Претставува случај кога определено лице со сила, сериозна закана, со измама или на друг начин ќе му овозможи бегство на лице кое врз основа на законита одлука е лишено од слобода.
- **Обид за бегство** – Претставува случај во кој лице лишено од слобода само или со помош на други лица подготвува бегство.
- **Внесување или изработка на недозволени предмети** во установата или со искористување на определена погодна прилика се обидува да изврши бегство од установата.
- **Потрага по лице лишено од слобода** - Претставува процес на преземање на мерки и активности од страна на директорот на установата и припадниците на затворската полиција, во соработка со други надлежни органи (Министерството за внатрешни работи), за пронаоѓање на лицето кое успеало да побегне и негово враќање во установата.

**Национални прописи со кои се регулира постапката:**

- **Кривичен законик на Република Македонија - Член 371**

- **Закон за извршување на санкциите** (Сл. Весник на РСМ, бр. 99/2019 и 220/19)
  - Глава VI, Организација и надлежност на припадниците на затворската полиција – Бегство на лице лишено од слобода – член 56,57, 58 и член 59,
  - Глава XV, Дисциплинска и материјална одговорност на осудените лица - член 231,

- **Правилник за овластување на затворската полиција, начинот на вооружување и вршење на работите на затворската полиција. (Службен Весник на РСМ бр 94/2022)**

- член 3,
- член 9,
- член 17,
- член 38,
- член 41,
- член 43-46,

- **Правилник за поблиските услови и начинот на употреба на средствата за присилба од страна на припадниците на затворската полиција во казнено-поправните и воспитно-поправните установи (Службен Весник на РСМ бр 94/2022).**

- **Кодекс за однесување на службените лица во извршување на работните задачи во казнено-поправните и воспитно поправните установи (Службен весник на РСМ бр.30/ 2018).**

- **Правилникот за Куќен ред за извршување на мерката притвор во притворските одделнеија на затворите (Службен весник на РСМ , број 87/2020 од 02.04.2020 година).**

- **Правилник за Куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено поправна установа (24.06.2020 година).**

- **Куќен ред за децата кои издржуваат воспитна мерка –Упатување во воспитно поправен дом во РСМ бр. 08-1987/1 од 21.10.2021 година.**

**Цел на процесот:** Одржување на безбедноста во установата и успешно справување во случај на бегство или обид за бегство на лице лишено од слобода.

**Резултат:** Успешно и навремено спречување на бегство и враќање на лицето кое се дало во бегство во установата од која извршило бегство или се обидело да изврши бегство.

**Индикатори:**

Книга за евиденција:
- Намален број на бегства,
- Зголемување на бројот на случаи на успешно спречување на бегство,

**Корисник на процесот:**
- Припадници на Затворска полиција,
- Сектор за ресоцијализација,
- Директор на КПУ и ВПУ.

**Сопственик на процесот:** КПУ и ВПУ

**Датум на евалуација на процесот**: На секои 12 месеци

Документи:
1. **Книга за евиденција на извршени бегства од установата,**
2. **Писмено известување за настанатата ситуација (Предлог за поведување на дисциплинска постапка),**
3. **Потерница за пронаоѓање на лицето лишено од слобода кое се дало во бегство.**


Забележување дека лице лишено од слобода се дало во бегство
Преземање на мерки да се фати лицето кое се дало во бегство
Известување до командирот на смена и барање на засилување
Мобилизирање на припадниците на затворската полиција за надворешно обезбедување
Во случај кога затворскиот полицаец ќе го стигне лицето кое се дало во бегство
Во случај кога затворскиот полицаец не може да го стигне лицето кое се дало во бегство
Мерки за совладување на лицето лишено од слобода
Известување на претпоставените во установата и на најблиската полициска станица
Писмено известување (службена белешка)
Известување дека е спречено бегството и чекање на засилување
Известување на Управата за извршување на санкции
Книга за евиденција на бегства од установата
Претрес на лицето лишено од слобода

Процес:Постапка во случај на спречување на бегство на лице лишено од слобода



Процес:Постапка во случај на спречување на бегство на лице лишено од слобода



Процес:Постапка во случај на спречување на бегство на лице лишено од слобода

УПАТСТВО ЗА ПОСТАПУВАЊЕ

**Чекор 1. Преземање на мерки за да се фати лицето лишено од слобода**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради брзо и ефективно спречување на бегството, |
| **Кој?** | Припадник на затворската полиција, кој во моментот на бегството се наоѓа на должност, |
| **Што?** | Презема мерки да го фати лицето лишено од слобода кое се дало во бегство, |
| **Каде?** | Во кругот на установата, или во нејзина непосредна близина, надвор од затворските надворешни ѕидови, |
| **Кога?** | Веднаш откако ќе го забележи како бега или откако ќе добие информација за извршеното бегство или за правецот по кој се упатило лицето кое се дало во бегство, |
| **Како?** | **1.** Брзо трча по лицето кое се дало во бегство, |
| | **2.** Со **извик СТОЈ го повикува да застане** лицето кое се дало во бегство, |
| | **3.** Доколку на застане, дозволено му е со своето лично вооружување да **пука во воздух како предупредување**, |
| | **4.** Со пукањето во воздух, дава знак за повик на помош на другите припадници на затворската полиција или други службени лица од областа на јавната безбедност. |

**Чекор 2. Известување на командирот на смена и барање на засилување**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради запознавање на командирот на смена со ситуацијата и заради организирање на брзо и ефективно пронаоѓање на лицето кое се дало во бегство, |
| **Кој?** | Припадник на затворската полиција, кој го утврдил бегството од установата, |
| **Што?** | Го известува својот непосреден надреден, односно командирот на смена, |
| **Каде?** | Во установата, |
| **Кога?** | Веднаш откако утврдил дека има бегство од установата, |
| **Како?** | **1.** Преку радио-врска кратко, концизно и јасно го известува командирот на смена за настанатата ситуација и бара засилување,<br>**2.** Командирот на смена го информира заповедникот и директорот на установата. |

**Чекор 3. Преземање на активности за информирање и мобилизирање на припадниците на затворската полиција за надворешно обезбедување на установата**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради запознавање на припадниците на затворската полиција за надворешно обезбедување и заповедникот со ситуацијата и пристапување кон организирање на активности за побрзо и ефективно пронаоѓање на лицето кое се дало во бегство, |
| **Кој?** | Командирот на смена, кој непосредно бил известен за лицето кое се дало во бегство, |
| **Што?** | Го известува заповедникот и припадниците на затворската полиција за надворешно обезбедување, |
| **Каде?** | Во установата, во просториите наменети за работа на командирот на смена, |
| **Кога?** | Веднаш откако ќе биде известен за бегството, односно за лицето кое се дало во бегство, |
| **Како?** | **1.** Преку радио-врска ги известува припадниците на затворската полиција за надворешно обезбедување, односно припадниците кои се распоредени на работните места на капиите, кулите или како патрола на надворешните ѕидови или огради на установата, |
| | **2.** Преку радио-врска го известува заповедникот на затворската полиција и го запознава со настанатата ситуација, како и за лицето кое се дало во бегство, |
| | **3.** Заповедникот го определува бројот на припадниците на затворската полиција кои ќе се упатат како засилување. |

ВО СЛУЧАЈ КОГА ПРИПАДНИКОТ НА ЗАТВОРСКАТА ПОЛИЦИЈА ЌЕ УСПЕЕ ДА ГО СТИГНЕ ЛИЦЕТО КОЕ СЕ ДАЛО ВО БЕГСТВО

**Чекор 4. Совладување на лицето и известување до командирот на смена дека успеал да го совлада**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради брзо и ефективно спречување на бегството, |
| **Кој?** | Припадниците на затворската полиција, |
| **Што?** | Го стигнува и го совладува лицето кое се дало во бегство, |
| **Каде?** | На местото каде што успеал да го стигне лицето кое се дало во бегство, |
| **Кога?** | Веднаш откако ќе го стигне, |
| **Како?** | **1.** Со трчање го стигнува лицето кое се дало во бегство, |
| | **2.** Го совладува на начин што го соборува на земја, со лицето кон земјата, односно да лежи на стомак, |
| | **3.** Врз него употребува средства за врзување на двете раце. |

**Чекор 5. Известување дека е спречено бегството, локацијата на која се наоѓа и чекање на засилување**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради запознавање на командирот на смена со ситуацијата и организирање на побрзо и ефективно враќање на лицето кое се дало во бегство, |
| **Кој?** | Припадникот на затворската полиција, |
| **Што?** | Го известува командирот на смена дека е спречено бегството и чека засилување, |
| **Каде?** | На местото каде што е пронајдено и фатено лицето лишено од слобода, |
| **Кога?** | Веднаш откако ќе го стигне лицето кое бега, односно во моментот кога ќе се осигура дека лицето не може да побегне, |
| **Како?** | **1.** Преку радио-врска го известува командирот на смена дека го совладал лицето лишено од слобода и го информира за точната локација каде се наоѓа, |
| | **2.** Го чека пристигнувањето на засилувањето, како и натамошните инструкции и наредби од својот |

| | |
|---|---|
| | претпоставен. |

**Чекор 6. Враќање на лицето лишено од слобода во установата**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради натамошно издржување на казната затвор, |
| **Кој?** | Припадникот на затворската полиција кој го совладал лицето лишено од слобода, заедно со засилувањето кое е составено од припадници на затворската полиција кои ги определил заповедникот, |
| **Што?** | Го враќаат лицето кое се дало во бегство, |
| **Каде?** | Во установата од каде што го извршил бегството, |
| **Кога?** | Веднаш откако ќе пристигне засилувањето, |
| **Како?** | Под полна готовност и опременост на припадниците на затворската полиција, со специјално, службено и обележано возило. |
| | Доколку установата од која што е извршено бегството, не располага со доволен број на специјални, службени и обележани возила, тогаш враќањето може да се изврши и со обично патничко возило (доколку растојанието, односно патот од местото на фаќање на лицето кое се дало во бегство до установата од која што е извршено бегството е релативно краток и безбеден). |

**Чекор 7. Претрес на лицето лишено од слобода**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради проверка дали поседува недозволени предмети, |
| **Кој?** | Припадник на затворската полиција задолжен за претрес, |
| **Што?** | Го претресува лицето кое се дало во бегство, |
| **Каде?** | Во посебна просторија за претрес, |
| **Кога?** | Веднаш откако лицето кое се дало во бегство ќе биде вратено во установата, |

| | |
|---|---|
| **Како?** | Согласно правилата за претрес на лицата лишени од слобода. |

**Чекор 8. Предавање на лицето лишено од слобода на командирот на смена и известување за настанатата ситуација**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради исполнување на законските одредби и правила, |
| **Кој?** | Припадникот на затворската полиција  кој го спречил во реализирање на неговата намера, односно го фатил, |
| **Што?** | Го предаваат лицето на командирот на смена, |
| **Каде?** | Внатре во установата, во просторија наменета за претрес на лицата лишени од слобода  или во приемната просторија, |
| **Кога?** | Веднаш откако ќе биде пристигнат во кругот на установата, |
| **Како?** | **1.** Усмено го известува командирот на смена за текот и одвивањето на целата ситуација, |
| | **2.** Го предава лицето кое се дало во бегство на командирот на смена, |
| | **3.** Зема писмена изјава од лицето лишено од слобода за настанатото бегство (доколку сака да даде изјава), |
| | **4.** Пополнува писмено известување до директорот на установата со опис на целата ситуација, како и службена белешка и предлог за поведување на дисциплинска постапка, |
| | **5.** Службената белешка, писмената изјавата од лицето кое се дало во бегство и предлогот за поведување на дисциплинска постапка се доставуваат до претседателот на дисциплинската комисија. |

**Чекор 9. Медицински преглед на лицето лишено од слобода (доколку е потребно)**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради проверка на здравствената состојба на лицето лишено од слобода (дали при бегството се здобило со повреди) и укажување медицинска помош доколку е потребно, |
| **Кој?** | Здравствените работници, |
| **Што?** | Врши медицински преглед на лицето лишено од слобода, |
| **Каде?** | Во амбулантата во установата или се повикува Брза помош, |
| **Кога?** | Веднаш откако лицето лишено од слобода кое се дало во бегство ќе биде претресено и предадено на командирот на смена, а пред да биде издвоено во посебна просторија, |
| **Како?** | Согласно правилата за здравствена заштита на лицата лишени од слобода. |

**Чекор 10. Издвојување на лицето лишено од слобода во посебна просторија (доколку директорот на Установата процени дека издвојувањето е потребно)**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради преземање на мерки за дисциплинска одговорност на лицето лишено од слобода, |
| **Кој?** | По одлука на директорот на установата, командирот на смена, на кој непосредно му е предадено лицето кое се дало во бегство, |
| **Што?** | Го издвојува во посебна просторија и поведува дисциплинска постапка, |
| **Каде?** | Во установата, во просторија наменета за издвојување на лица лишени од слобода, |
| **Кога?** | Веднаш по извршениот медицински преглед, при што лицето лишено од слобода може да остане издвоено во просторијата најдолго 24 часа од моментот на издвојувањето, |
| **Како?** | 1. Лицето лишено од слобода се сместува во просторија за издвојување, |

| | |
|---|---|
| | 2. На лицето лишено од слобода му се укажува на правилата за однесување и неговите права и обврски додека се наоѓа во просторијата за издвојување, |
| | 3. На издвоеното лице му се обезбедува постелнина, перница и ќебе. |

**Чекор 11. Водење на дисциплинска постапка против лицето лишено од слобода**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради преземање на мерки за дисциплинска одговорност на лицето лишено од слобода, |
| **Кој?** | Комисија за водење дисциплинска постапка, |
| **Што?** | Се поведува дисциплинска постапка и се утврдува дисциплинска одговорност на лицето лишено од слобода, |
| **Каде?** | Во установата, |
| **Кога?** | Во рок од 24 часа откако лицето е фатено и вратено во установата, се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка која треба да заврши во најкраток можен рок, |
| **Како?** | Согласно законските одредби и правила за водење на дисциплинската постапка. |

## ВО СЛУЧАЈ КОГА ПРИПАДНИКОТ НА ЗАТВОРСКАТА ПОЛИЦИЈА НЕМА ДА УСПЕЕ ДА ГО СТИГНЕ ЛИЦЕТО КОЕ СЕ ДАЛО ВО БЕГСТВО

### Чекор 12. Известување до овластените службени лица и најблиската полициска станица за бегството на лицето лишено од слобода

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради брзо и ефективно пронаоѓање, фаќање и враќање на побегнатото лице, |
| **Кој?** | Припадникот на затворската полиција кој го забележал лицето лишено од слобода кое се дало во бегство го известува командирот на смена.<br>Командирот на смена го информира заповедникот, кој со настанот веднаш го запознава директорот на установата, |
| **Што?** | Информира за неможноста да го стигне лицето лишено од слобода, |
| **Каде?** | Во најблиската полициска станица, |
| **Кога?** | Веднаш откако ќе утврди дека не може да го стигне лицето кое се дало во бегство, |
| **Како?** | **1.** На најбрз можен начин |
| | **2.** При известувањето ги дава сите расположливи податоци за лицето кое побегнало, |
| | **3.** Го известува командирот на смена преку радио врска, |
| | **4.** Чека понатамошни инструкции и наредби од командирот на смена. |

## ОРГАНИЗИРАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА ПОТРАГА

**- во случај кога лицето лишено од слобода извршило бегство –**

**Чекор 1: Испитување на состојбата, прибирање на сознанија за лицето лишено од слобода и настанатото бегство.**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради брзо и ефективно пронаоѓање, фаќање и враќање на лицето кое побегнало, |
| **Кој?** | Заповедникот, раководителот на секторот за ресоцијализација и службеното лице од секторот за ресоцијализација определено за третман на лицето лишено од слобода, |
| **Што?** | Започнуваат со организирањето и водењето на потрагата, |
| **Каде?** | Во соодветна просторија во установата, |
| **Кога?** | Веднаш откако ќе бидат известени за извршеното бегство, |
| **Како?** | **1.** Разговор со вработените кои биле на смена во време кога се случило бегството, |
| | **2.** Разговор со лицата лишени од слобода кои биле во близина на лицето кое се дало во бегство во тој момент, како и со други лица кои биле во пријателски односи со ова лице, |
| | **3.** Проверка на податоци од стручното досие, |
| | **4.** Координација и размена на информации со службеното лице од секторот за ресоцијализација определено за третман на лицето лишено од слобда, |
| | **5.** Раководните припадници на затворската полиција и раководителот на секторот за ресоцијализација го информираат директорот на установата за сите преземени мерки, активности и сознанија. |

**Чекор 2: Известување до најблиската полициска станица**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради брзо и ефективно пронаоѓање, фаќање и враќање на побегнатото лице, |
| **Кој?** | Заповедникот или друг припадник на затворската полиција овластен од него, |
| **Што?** | Ја известува најблиската полициска станица, |
| **Каде?** | Во установата, |
| **Кога?** | Веднаш откако ќе утврди дека припадниците на затворската полиција не можат да го пронајдат лицето кое се дало во бегство, но не подоцна од 24 часа од добивањето на известување за бегството. |
| **Како?** | Со писмено известување за лицето кое побегнало кое содржи: лични податоци за лицето, профилни фотографии, личниот опис (начин на одење, вид на облекување, лузни, тетоважи, телесни аномалии), адреса на живеење, кривичното дело за кое издржува казна затвор, висината на изречената казна затвор, временскиот период кој го поминал во установата, неговото целокупно однесување, моменталната здравствена состојба со целокупната медицинска историја (зависник од дрога, алкохоличар, хронични или други болести итн.) и други податоци кои имаат врска со побегнатото лице, |
| | При известувањето се даваат сите расположливи податоци за лицето кое побегнало, |
| | Писменото известување по факс или на рака се доставува до најблиската полициска станица. |

**Чекор 3: Обезбедување на средства и возила за потрагата и мобилизирање на припадниците на затворската полиција**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради ефективно исполнување на интервентните наредби и задолженија, како и побрзо мобилизирање и распоредување на припадниците на затворската полиција, |
| **Кој?** | Заповедникот во соработка со директорот на установата, |
| **Што?** | Ги обезбедува средствата и возилата неопходни за реалирирање на потрагата и ги мобилизира, запознава и распоредува припадниците на затворската полиција, |
| **Каде?** | Во установата, |
| **Кога?** | - Веднаш откако ќе бидат обезбедени потребните информации во врска со бегството на лицето лишено од слобода ( но не подоцна од 24 часа од извршеното бегство), |
| **Како?** | **1.** Определување кои припадници на затворската полиција и во колкав број ќе учествуваат во потрагата и нивно детално запознавање со ситуацијата за извршеното бегство, |
| | **2.** Проверка и подготовка на службените возила, |
| | **3.** Обезбедување на материјални средства и опрема за работа на тимот определен да ја спроведе потрагата (батериски ламби, маскирни униформи, панцирни елеци - доколку постои веројатност дека побегнатото лице е вооружено со огнено оружје, гумени куршуми и др.) |

**Чекор 4. Спроведување на потрагата**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради пронаоѓање на лицето лишено од слобода, |
| **Кој?** | Припадници на затворската полиција во координација со директорот на установата, |
| **Што?** | Ја спроведуваат потрагата по лицето лишено од слобода, |
| **Каде?** | На терен, согласно насоките дадени од заповедникот и директорот на установата, |
| **Кога?** | Веднаш по добивањето на инструкции и насоки за работа / Најдоцна во рок од 24 часа од извршеното бегство. |

**Чекор 5. Известување за бегството и издавање потерница**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради исполнување на законските норми, пријавување на бегството и заради побрзо и ефективно пронаоѓање, фаќање и враќање на побегнатото лице, |
| **Кој?** | Директорот на установата, |
| **Што?** | Издава потерница до МВР за пронаоѓање на лицето кое побегнало, |
| **Каде?** | Во установата, во неговата канцеларија, |
| **Кога?** | ВЕДНАШ |

**Чекор 6. Известување за бегството до судија за извршување на санкции/надлежен суд**

| | |
|---|---|
| **Зошто?** | Заради исполнување на законските норми, пријавување на бегството и заради побрзо и ефективно пронаоѓање, фаќање и враќање на побегнатото лице, |
| **Кој?** | Директорот на установата, |
| **Што?** | Изготвува службена информација и го известува судијата за извршување на санкциите/ надлежниот суд за бегството на лицето лишено од слобода |
| **Каде?** | Во установата, во неговата канцеларија, |
| **Кога?** | ВЕДНАШ |